РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД ШТИП
Су-430/20
19.10 20 20 година
ШТИП

Врз основа на чл.42, чл.43 и чл.49 од Законот за судовите, чл.7 од Законот од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, (Сл.весник на РМ 83/2018), чл.53 од Законот за судски совет, а в.в. со Одлуката на Судскиот совет за утврдување на бројот на судии поротници во судовите во РМ, бр.02-2114/1 од 01.12.2015 год. Основниот суд во Штип на ден 19.10.2020 година објавува:

# О Г Л А С
## за избор на 50 судии – поротници во Основен суд Штип
## за време од четири години

**I.** Кандидатите за судии поротници треба да ги исполнуваат следните услови:
-да е полнолетен државјанин на Република Северна Македонија
-да има завршено најмалку средно образование
-активно да го владее македонскиот јазик
- да ужива углед за вршење на функцијата судија – поротник
-да не е постар од 60 години.

**II.** За судија поротник не може да биде избрано лице кое со судијата или судија поротник во истиот суд е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар, ниту лице кое се член на Судски совет на РСМ е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар.

Судијата поротник за судење на малолетници се избира од редот на лица со искуство во воспитанието и образованието за млади

**III.** Заинтересираните кандидати да достават пријава со потребните документи ( во оригинал или заверени кај нотар)
- уверение за државјанство,
- извод од матичната книга на родени,
- уверение или диплома за завршено образование,
- изјава дека со судија, судија – поротник во овој суд или со член на Судскиот совет на Република Северна Македонија не е во сродство во права линија или во странична линија до трет степен или е негов брачен другар

IV. Пријавата со потребните документи да се достави до Основен суд Штип, на приемна писарница или преку пошта со препорачана пратка на адреса Генерал Михајло Апостолски бр 18 во рок од 10 дена од објавувањето на огласот.

**V.** Предлог листа од кандидатите кои ги исполнуваат условите ќе биде доставена до Судскиот совет на РСМ кој го врши изборот на судиите поротници.

Основен суд Штип,
Претседател,
Ѓорѓи Андонов

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОСНОВЕН СУД ШТИП